**Известување за концентрација со која Нерегелиа Трејдинг Лимитед, Кипар ќе стекне контрола врз Нелт Л.Л.Ц. (*Nelt L.L.C.*), Косово (предмет бр. 08-72/2024)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија" бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 04.04.2024 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доставено известување за концентрација со која **Нерегелиа Трејдинг Лимитед**, со регистрирано седиште на Грива Дигени, зграда Панајидес 2/3, 3030 Лимасол, Кипар ќе стекне контрола врз Нелт Л.Л.Ц., со регистрирано седиште на улица Азиз Абраши, Индустриска зона, Приштина, Косово.

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:**

**Друштвото што стекнува контрола** е матично друштво на групата на компании НЕЛТ ("**Групација НЕЛТ**").

Групацијата НЕЛТ започна со работа во 1992 година во трговијата. Денес, групацијата е активна на 11 пазари во регионот на Југоисточна Европа и Субсахарска Африка и има околу 4.000 вработени.

Групацијата НЕЛТ обезбедува интегрирани услуги за дистрибуција и логистика на своите домашни и меѓународни клиенти преку мрежа на дистрибутивни центри и оперативна поддршка во секоја земја во која е активна.

Во Северна Македонија, Групацијата НЕЛТ е присутна преку своите три претпријатија-ќерки:

Нелт СТ ДООЕЛ, со регистрирано седиште на Илинден бр. 32 бр. 20, Скопје, кое е активно во дистрибуцијата,

Нелт Лог ДООЕЛ – во ликвидација, со регистрирано седиште на Илинден бр.32 бр. 20, Скопје, кое беше активно во логистика и,

Нелт Лине ДООЕЛ, со регистрирано седиште на Илинден бр.32 бр. 20, Скопје, кое е активно во транспортот.

**Целното друштво** припаѓа и работи во рамките на групацијата НЕЛТ. Друштвото е основано во 2016 година.

Целното друштво е специјализирано за дистрибуција на стоки за широка потрошувачка и фармацевтски производи. Неговата мрежа снабдува над 2.000 продажни места со широко портфолио на познати меѓународни брендови.

Целното друштво не генерира приходи во Северна Македонија и воопшто не е присутно во Северна Македонија.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да доставaт забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување*.

10.04.2024 година
Скопје